Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совpески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ........ 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ........ 103

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ОПШТА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на 9 февруари 2011 г., донесе Одлука со бр. 2402-32/10 од 21 февруари 2011 г. за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање ***асистент*** за научната област ***историја на општа книжевност*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

1. д-р Радица Никодиновска – доцент;
2. д-р Душко Алексовски – доцент;
3. д-р Јованка Денкова – доцент.

По разгледувањето на приложените материјали, согласно со Законот и актите на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“, во февруари.2011 година, за избор на соработник во звање *асистент* за научната област историја на општа книжевност се јавија двајца кандидати: м-р Ева Велинова и Билјана Котлар-Сакоман.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите навремено ги доставиле своите пријави со потребните документи, во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Комисијата детално ги проучи и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ева Велинова** е родена на 18 јуни 1981 година во Скопје. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Во 2005 дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Катедрата за општа и компаративна книжевност. Во 2007 година се стекнува со звање **магистер од областа на францускиот јазик и книжевност** на Универзитетот Париз 7 – Дени Дидро со назив на дипломата: *Литератури, теории, модернитети*. Изработува магистерски труд за „*Феноменолошката естетика во делото на Марсел Пруст*“ под менторство на почесен професор д-р Јулија Кристева. На истиот универзитет подготвува докторска дисертација на тема од областа на наративните идентитети во француската книжевност. Од ноември 2008 година работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како помлад асистент по предмети од областа на книжевноста, културата и цивилизацијата на романските народи (за групата Италијански јазик и книжевност) и францускиот јазик. Објавува трудови од областа на општата книжевност. Во декември 2010 година е ангажирана за превод на научни трудови од француската и италијанска теорија и литература од француски на англиски јазик за зборникот на МАНУ (Македонска академија на науките и уметностите). Учесник е во Комисијата за изготвување на Програмата по Француски јазик и книжевност, во Комисијата за измена и корекција на Програмата по Француски јазик и книжевност и во Комисијата за изготвување на Правилник за работа на Центарот за јазици при Филолошкиот факултет - Штип.

***Кандидатката м-р Ева Велинова е автор на следниве трудови:***

- **Ева Велинова**, „Естетската теорија во *Пронајденото време* на Марсел Пруст“, *Литературен збор,* 2011. (во печат);
- **Ева Велинова**, „Легендата за Роланд во францускo-италијански контекст: од средновековна витешка епика до ренесансна иронија“, Годишен зборник 2011, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет (во печат);
- **Eva Velinova**, “The memory and the reconstruction of postcolonial identities: Toni Morrison’s novel *Beloved*”, Proceeding volume of the Memory and Truth Conference, Neofit Rilski University, Blagoevgrad, 2011 (во печат);
- **Ева Велинова,** „За проблемот на правото кај Франц Кафка“, Годишен зборник 2010, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, стр. 73-80;
- **Ева Велинова**, Интерна скрипта од предавања по предметот Италијанска култура и цивилизација;
- **Ева Велинова**, Интерна скрипта од предавања по предметот Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот;
- **Eva Velinova,** “L`esthétique phénoménologique dans l`oeuvre de Marcel Proust, à partir de la philosophie de Maurice Merleau – Ponty” (магистерски труд);
- Philippe Daros, *Instability of the regime of reading, repetition and difference: definitional elements of a “Mimesis without model”* (Instabilité du régime de lecture, répétition et différence: éléments de définition d’une « Mimésis sans modèle »), Translated from French by **Eva Velinova** (за Зборник на МАНУ, 2011, во печат);
- Jean Bessière, *Between Bergson and Deleuze: The concept of storytelling and the paradoxes of literature* (Entre Bergson et Deleuze : Le concept de fabulation et les paradoxes de la literature), Translated from French by **Eva Velinova** (за Зборник на МАНУ, 2011, во печат).

***Учество на семинари, обуки и тренинзи***

- Во 2010 година учествува на конференција на тема „Меморија и вистина“ организирана од Филолошкиот факултет на Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград на која го презентира трудот “Memory and subjectivity in Toni Morrison’s *Beloved*”.
- Во 2009 година учествува на Летен универзитет во Тулуз, Франција: Campus européen d`été du reseau OFFRES, “Nouvelles figures de l`Etat. Violences, droit et société”, Université Toulouse II – Le Mirail, Atelier 1: L`autorité de la loi, каде што го презентира трудот “Hermenétique des notions de *loi*, *justice* et *violence* dans le roman postcolonial” на работилницата за докторанди;
- Во 2005 година учествува на Летен универзитет на Ecole Normale Supérieure во Париз, на тема „Странските јазици и јазикот како систем: разбирање, аргументација, превод“.

Кандидатката **Билјана Котлар-Сакоман** е родена на 10 август 1971 година во Скопје. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Во 2008 година дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик. Во моментов е запишана на постдипломски студии на Катедрата за македонска книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и работи на нејзиниот магистерски труд *„Летописите во македонската писмена традиција“*.

***Учество на семинари, обуки и тренинзи***

Кандидатката Билјана Котлар-Сакоман учествува во Проектот за модернизација на образованието при Министерството за образование и наука.

***Работо искуство***

Кандидатката била надворешен соработник во приватното средно училиште *„Алгоритам центар“,* а моментално е вработена во *ИНТЕЛСААТ доо* во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги професионалните и научно-истражувачките активности на пријавените кандидати, Комисијата ја предлага м-р Ева Велинова за избор во соработничко звање асистент, во согласност со следнава аргументација.

Кандидатката располага со пошироки познавања од областа на книжевноста.

Кандидатката подготвува докторска дисертација на тема од областа на наративните идентитети во францускатa книжевност.

Кандидатката располага со тригодишно педагошко искуство како помлад асистент по предмети од областа на книжевноста, културата и цивилизацијата на романските народи (за групата Италијански јазик и книжевност) и францускиот јазик.

Кандидатката, во рамките на нејзината научно-образовна и стручно-апликативна дејност, како што може да се види од прилогот, има акумулирано вкупно 75,2 бода, со што ги исполнува критериумите предвидени со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет **да му предложи м-р Ева Велинова да ја избере во звање асистент за научната област историја на општа книжевност.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**д-р Радица Никодиновска – доцент, с.р.**
**д-р Душко Алексовски – доцент, с.р.**
**д-р Јованка Денкова – доцент, с.р.**

## ПРИЛОГ

### Табела за вреднување на активностите на кандидатката м-р Ева Велинова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Ева Велинова, Интерна скрипта од предавања по предметот Италијанска култура и цивилизација | 1 | 4 | 4 |
| Ева Велинова, Интерна скрипта од предавања по предметот Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот | 1 | 4 | 4 |
| Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 22 (0+14+8) 11 | 1,5 1 | 20,5 11 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 17 (5+6+6) | 0,2 | 1,7 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир, во странство: Eva Velinova “The memory and the reconstruction of postcolonial identities: Toni Morrison’s novel *Beloved*”, Proceeding volume of the Memory and Truth Conference, Neofit Rilski University, Blagoevgrad, 2011 (во печат) | 1 | 2 | 2 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание: Ева Велинова, „Естетската теорија во *Пронајденото време* на Марсел Пруст“ *Литературен збор,* 2011 (во печат) | 1 | 3 | 3 |
| Учество на научен собир со реферат (усно) во странство: Eva Velinova, “Memory and subjectivity in Toni Morrison’s *Beloved*” | 1 | 2 | 2 |
| Одбранет магистерски труд: Eva Velinova, “L`esthétique phénoménologique dans l`oeuvre de Marcel Proust, à partir de la philosophie de Maurice Merleau – Ponty” | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство: Université Paris 7 – Denis Diderot | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд во стручно списание: Ева Велинова „За проблемот на правото кај Франц Кафка“, Годишен зборник 2010, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, стр. 73-80. | 1 | 2 | 2 |
| Труд во стручно списание: Ева Велинова, „Легендата за Роланд во француско-италијански контекст: од средновековна витешка епика до ренесансна иронија“, Годишен зборник 2011, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет (во печат). | 1 | 2 | 2 |
| Учество на стручен собир со реферат (усно): Eva Velinova, “Hermenétique des notions de *loi*, *justice* et *violence* dans le roman postcolonial” | 1 | 1 | 1 |
| Член на факултетски орган, комисија: член на Комисијата за изготвување на Програмата по Француски јазик и книжевност | 1 | 2 | 2 |
| Член на факултетски орган, комисија: член на Комисијата за измена и корекција на Програмата по Француски јазик и книжевност | 1 | 2 | 2 |
| Член на факултетски орган, комисија: член на Комисијата за изготвување на Правилник за работа на Центарот за јазици при Филолошкиот факултет - Штип | 1 | 2 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Превод на труд во зборник на научни трудови: Philippe Daros, *Instability of the regime of reading, repetition and difference: definitional elements of a "Mimesis without model"* (Instabilité du régime de lecture, répétition et différence: éléments de définition d'une « Mimésis sans modèle »), Translated from French by Eva Velinova (за Зборник на МАНУ, 2011, во печат) | 1 | 2 | 2 |
| Превод на труд во зборник на научни трудови: Jean Bessière, *Between Bergson and Deleuze : The concept of storytelling and the paradoxes of literature* (Entre Bergson et Deleuze : Le concept de fabulation et les paradoxes de la literature), Translated from French by Eva Velinova (за Зборник на МАНУ, 2011, во печат) | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | **75, 2** | | |